Согласно член 149 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија во делегацијата на основната организација на здружениот труд не можат да бидат избрани работници во таа организација или, според Уставот, не можат да бидат членови на работничкиот совет односно на друг соодветен орган на управување. Со оглед на тоа што избраниот делегат е работоводен орган во ООЗТ „Медицински центар" Тетово тој не е член на делегацијата па според тоа не може да биде избран ниту за делегат. Според член 11 став 2 и 3 од Законот за избор на делегати во соборите на Собранието на СРМ, во Соборот на здружениот труд може да биде избран само делегат од „редот на членовите на делегациите на основните самоуправни организации и заедници во областа на здравството и социјалната заштита". Општината Тетово според законот не делегира делегат во Соборот на здружениот труд од редот на членовите на делегациите на работните заедници во државните органи, општествено-политички организации, општествените организации и здруженијата и на другите работни заедници што не се организираат како организации на здружениот труд.

Врз основа на член 49 став 1 точка 3 од Законот за избор на делегати во соборите на Собранието на СРМ, Републичката изборна комисија предлага Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија да не го верифицира мандатот на делегатот д-р Рефат Ферати од Тетово, а врз основа на член 51 став 2 од Законот, да распише повторни избори за избор на еден делегат од редот на членовите на делегациите на основните самоуправни организации и заедници во областа на здравството и социјалната заштита.

Број 49-80
22 мај 1978 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар,
**Данчо Стојчески,** с. р.

Претседател,
**Стојче Поповски,** с. р.

ЧЛЕНОВИ:
1. **Никола Конески,** с. р.
2. **м-р Славко Гелевски,** с. р.
3. **Живко Атанасовски,** с. р.

---

**278.**

**ДОПОЛНИТЕЛЕН ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ОД ДЕЛЕГАТСКАТА ЕДИНИЦА ВАЛАНДОВО**

ДО СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

Републичката изборна комисија за избор на делегати во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги прими изборните акти од Општинската изборна комисија — Валандово за избор на делегати во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, истите ги разгледа и во смисла на член 77 став 2 од Законот за избор на делегати во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија го поднесува следниот

## ДОПОЛНИТЕЛЕН ИЗВЕШТАЈ

### ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД ДЕЛЕГАТСКАТА ЕДИНИЦА ВАЛАНДОВО

I. Изборот на делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија од делегатската единица — Валандово, согласно Решението на претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, бр. 06-358 од 17 февруари 1978 година, објавено во „Службен весник на СРМ" бр. 6/78, требаше да се избере еден делегат на 17 април 1978 година. Меѓутоа, при изборот од вкупно 30 делегати во делегатската единица во Соборот на здружениот труд на Собранието на општината Валандово гласале 30 делегати од кои за кандидатот Ристо Кимов, гласале 9 делегата поради што, а согласно член 49 точка 2 од Законот за избор на делегати во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, не го доби потребното мнозинство.

II. Општинската изборна комисија — Валандово повторно ги распиша изборите, согласно член 51 од Законот. На седницата на Соборот на здружениот труд на Собранието на општината Валандово, што се одржа на 18. 05. 1978 година е извршен избор на делегатот во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, и тоа за кандидатот чија кандидатура беше огласена од Општинската изборна комисија.

III. Со спроведувањето на изборите за избор на делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, под грижата на Републичката из-

борна комисија, раководеше Општинската изборна комисија — Валандово, именувана од страна на оваа Комисија со решение бр. 5 од 6 февруари 1978 година, објавено во „Службен весник на СРМ" бр. 5/78 година.

IV. Резултатите од изборот на делегатот во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, по области на трудот и делегатски единици, ги утврди Општинската изборна комисија — Валандово на начин утврден со член 44 и 45 од Законот за избор на делегати во соборите на Собранието на СРМ.

V. Републичката изборна комисија ги прегледа изборните акти што се однесуваат на изборот на делегатот во овој собор и не најде неправилности што би имале битно влијание на резултатот од изборите.

VI. Резултатите од изборот на делегатот во Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, по области на трудот и делегатски единици се следни:

1. Од областа на стопанството во делегатската единица Валандово се избира еден делегат.

— Во оваа делегатска единица од 30 делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на општина Валандово гласале 23, од кои за кандидатот Фердинанд Пеев 19. Неважечки гласачки ливчиња — нема.

За делегат е избран Фердинанд Пеев од Валандово.

VII. На избраниот делегат во Соборот на здружениот труд, Општинската изборна комисија — Валандово, во смисла на член 46 од Законот, му издава уверение дека е избран за делегат.

VIII. Во прилог кон овој извештај Ви се доставуваат изборните акти кои се однесуваат на изборот на делегатот во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ од делегатската единица — Валандово.

Бр. 49-83
23 мај 1978 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар,
**Данчо Стојчески,** с. р.

Претседател,
**Стојче Поповски,** с. р.

ЧЛЕНОВИ:

1. **Никола Конески,** с. р.
2. **м-р Славко Гелевски,** с. р.
3. **Живко Атанасовски,** с. р.

**279.**

**ДОПОЛНИТЕЛЕН ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ОД ДЕЛЕГАТСКАТА ЕДИНИЦА — ПРИЛЕП**

ДО СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

Републичката изборна комисија за избор на делегати во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги прими изборните акти од Општинската изборна комисија — Прилеп за избор на делегати во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, истите ги разгледа и во смисла на член 77 став 2 од Законот за избор на делегати во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија го поднесува следниов

## ДОПОЛНИТЕЛЕН ИЗВЕШТАЈ

**ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИЗБОРОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД ДЕЛЕГАТСКАТА ЕДИНИЦА — ПРИЛЕП**

I. Изборот на делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија од делегатската единица — Прилеп, согласно Решението на претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, бр. 06-358 од 17 февруари 1978 година, објавено во „Службен весник на СРМ" бр. 6/78, требаше да се избере еден делегат од областа на образованието, науката и културата на 17 април 1978 година. Меѓутоа, при изборот, во оваа делегатска единица од 60 делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на општината Прилеп гласале 52 делегати од кои за кандидатот Благоја Николовски 27 и за кандидатот Стеван Талески 24. Според тоа, ниеден од утврдените кандидати за делегати не го добиле мнозинството на гласови.

II. Општинската изборна комисија — Прилеп повторно ги распиша изборите, согласно член 51 од Законот. На седницата на Соборот на здружениот труд на Собранието на општината Прилеп, што се одржа на 29 мај 1978 година е извршен избор на делегатот во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, и тоа за кандидатот чија кандидатура беше огласена од Општинската изборна комисија.

III. Со спроведувањето на изборите за избор на делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, под грижата на Републичката изборна комисија, раководеше Општинската изборна комисија — Прилеп, именувана од страна на оваа Комисија со решение број 5 од 6 февруари 1978 година, објавено во „Службен весник на СРМ".

IV. Резултатите од изборите на делегатот во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, по области на трудот и делегатски единици, ги утврди Општинската изборна комисија — Прилеп на начин утврден со член 44 и 45 од Законот.

V. Републичката изборна комисија ги прегледа изборните акти што се однесуваат на изборот на делегатот во овој собор и не најде неправилности што би имале битно влијание на резултатот од изборите.

VI. Резултатите од изборот на делегатот во Соборот на здружениот труд од областа на образованието, науката и културата се следни:

1. Од областа на образованието, науката и културата се избира еден делегат.

Во оваа делегатска единица од 60 делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на општината Прилеп гласале 47, од кои кандидатот д-р Глигор Попоски добил 44. Неважечки гласачки ливчиња — 3.

За делегат е избран д-р Глигор Попоски од Прилеп.

VII. На избраниот делегат во Соборот на здружениот труд, Републичката изборна комисија — Прилеп во смисла на член 46 од Законот, му издава уверение дека е избран за делегат.

VIII. Во прилог кон овој извештај ви се доставуваат изборните акти кои се однесуваат на изборот на делегатот во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ од делегатската единица — Прилеп.

Број 49-89
6 јуни 1978 година
Скопје

РЕПУБЛИЧКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар,
**Данчо Стојчески,** с. р.

Претседател,
**Стојче Поповски,** с. р.

ЧЛЕНОВИ:
1. **Никола Конески,** с. р.
2. **м-р Славко Гелевски,** с. р.
3. **Живко Атанасовски,** с. р.

---

**280.**

**ДОПОЛНИТЕЛЕН ИЗВЕШТАЈ НА РЕПУБЛИЧКАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ЗА РЕЗУЛТАТОТ ОД ИЗБОРОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ОД ДЕЛЕГАТСКАТА ЕДИНИЦА ДЕЛЧЕВО**

ДО СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
С К О П Ј Е

Републичката изборна комисија за избор на делегати во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги прими изборните акти од Општинската изборна комисија — Делчево за избор на делегати во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, истите ги разгледа и во смисла на член 68 во врска со член 47 став 2 од Законот за избор на делегати во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија го поднесува следниот

## ДОПОЛНИТЕЛЕН ИЗВЕШТАЈ

### ЗА РЕЗУЛТАТОТ ОД ИЗБОРОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБОРОТ НА ОПШТИНИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД ДЕЛЕГАТСКАТА ЕДИНИЦА — ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

I. Избор на делегати во Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија од делегатската единица — општина Делчево, согласно Решението на претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија бр. 06-358 од 17 февруари 1978 година, објавено во „Службен весник на СРМ“ број 6/78, се одржа на 17 април 1978 година. Меѓутоа, во делегатската единица — Делчево, во која се избираат два делегати, не е извршен изборот поради неутврдената листа на кандидатите за избор на делегати од општинската кандидациона конференција.

Врз основа на член 68 во врска со член 45 став 1 и член 49 точка 2 од Законот за избор на делегати во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, општинската изборна комисија за избор на делегати во соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — Делчево распиша повторни избори за избор на делегати од оваа делегатска единица.

На заедничката седница на сите три собори на Собранието на општината Делчево одржана на 28 април 1978 година се изврши избор на делегатите во Соборот на општините на Собранието на СРМ и тоа за кандидатите чија кандидатура била огласена од Општинската изборна комисија — Делчево.

II. Со спроведувањето на изборите за избор на делегати на СРМ, под грижата на Републичката изборна комисија, раководеше Општинската изборна комисија — Делчево, именувана од страна на оваа Комисија со Решение број 49-5 од 6 февруари 1978 година објавено во „Службен весник на СРМ“ број 5/78 год.

III. Резултатите од изборот на делегатите во Соборот на општините на Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги утврди Општинската изборна комисија — Делчево на начинот утврден со член 68 во врска со член 44 и 45 од Законот за избор на делегати во соборите на Собранието на СРМ.

IV. Републичката изборна комисија ги прегледа изборните акти што се однесуваат на изборот на делегатите во овој собор и не најде неправилности што би имале битно влијание на резултатот од изборите.

V. Резултатот од изборот на делегатите во Соборот на општините на Собранието на СРМ во делегатската единица — општина Делчево е следниот:

Во делегатската единица — општина Делчево од 78 делегати во трите собори на Собранието на општината гласале вкупно 71 делегат, од кои:

За кандидатот Митко Георгиев — 67
За кандидатот Владо Димитров — 63
Неважечки гласачки ливчиња има 3.

За делегати се избрани: Митко Георгиев и Владо Димитров, двајцата од Делчево, кои добиле мнозинство од гласовите на сите делегати во соборите на Собранието на општината.

VI. На избраните делегати во Соборот на општините на Собранието на СРМ, Општинската изборна комисија — Делчево во смисла на член 68 во врска со член 46 од Законот за избор на делегати во соборите на Собранието на СРМ му издаде уверение дека се избрани за делегати.

VII. Во прилог на овој извештај Ви се доставуваат изборните акти кои се однесуваат на изборот на делегатите во Соборот на општините на Собранието на СРМ од делегатската единица — општина Делчево.

Број 49-82
26 мај 1978 година
Скопје

Секретар,
**Данчо Стојчески,** с. р.

Претседател,
**Стојче Поповски,** с. р.

ЧЛЕНОВИ:
1. **Никола Конески,** с. р.
2. **м-р Славко Гелевски,** с. р.
3. **Живко Атанасовски,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

При Општинскиот суд во Прилеп се води граѓанска постапка по тужбата на тужителот Земјоделската задруга „Напредок" од с. Самоков, поднесена против тужените Петрески Гичо и Стојаноски Блаже.

Се повикува тужениот Стојаноски Блаже, кој се наоѓа на привремена работа во Германија, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во Општинскиот суд во Прилеп, или да одреди свој полномошник. Доколку во определениот рок не се јави ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Прилеп, П. бр. 70/73. (39)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води спор за развод на брак по тужбата на тужителката Гическа Велика од Тетово, против тужениот Гически Стојан од Тетово. Вредност на спорот 2.000 н. динари.

Бидејќи тужениот се наоѓа со непозната адреса во САД, се повикува во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во судот или да определи свој полномошник, кој ќе ги штити неговите интереси и права во постапката. Доколку истото не го стори ќе му биде поставен привремен старател.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 454/78. (40)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за утврдување службеност на пат по тужбата на Азир Бајрами од с. Порој, против тужените Исмаили Адема Муса од с. Порој и други лица од село Порој, Тетово.

Се повикува тужениот Исмаили Адема Муса, кој времено борави во Швајцарија да се јави на Општинскиот суд во Тетово во рок од 30 дена од објавувањето на огласот, или да означи свој полномошник. Доколку не постапи по горното ќе му биде поставен привремен старател преку Центарот за социјална работа во Тетово, па во постапка ќе го застапува старателот до правосилното окончување на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 291/78. (44)

---

Пред овој суд се води граѓанска парница за надомест на штета од тужителот Енвер Сулејмани од село Порој, против тужените Осман Фетаи и Неџбедин Таипи, двајцата од село Порој. Вредност на спорот 1.000,00 динари.

Бидејќи тужените Осман Фетаи и Неџбедин Таипи, двајцата од село Порој, а сега на привремена работа во Германија со непозната адреса, се повикуваат да се јават пред судот или секој оној кој знае каде се наоѓаат да му соопшти за нивното живеалиште и пребивалиште. Во спротивно ќе им се постави привремен старател кој ќе се грижи за нивните права и должности.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 409/78. (42)

---

Пред овој суд се води постапка за издршка по тужбата на тужителката Халити Саиде и Џемазије Халити, застапувани од нивната мајка Емине Халити, како нивни законски застапник од с. Отушиште, против тужениот Несим Халити од с. Слатина. Вредност на спорот 6.000 н. динари.

Бидејќи тужениот Несим Халит Халити од с. Слатина е со непозната адреса во Франција, се повикува да се јави на судот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот, или да определи свој полномошник кој ќе ги штити неговите права и интереси во спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 314/78.

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за исполнување на договор за купопродажба на недвижен имот по тужбата на Ѓоко Петровски од Тетово, против тужените Ленка, вд. Иванова Сергиева, родена Тулевска од Тетово, Ленче вд. Јорданова Тулевска и Вила, Свето и Љупче, сите Јорданови Тулевски од Тетово, а живеат на непозната адреса во САД.

Се повикуваат тужените во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јават на Општинскиот суд во Тетово или да овластат свој полномошник кој ќе ги застапува во постапката. Во спротивно, преку Центарот за социјална работа во Тетово ќе им биде поставен привремен старател кој ќе ги штити нивните интереси се до правосилното окончување на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 521/78. (47)

---

Пред овој суд се води спор помеѓу тужителката Марковиќ Славица од Тетово против тужениот Маровиќ Никола од Бајмок, а сега на работа во СР Германија со непозната адреса.

Се повикува тужениот Маровиќ Никола од Бајмок, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот, да се јави пред Општинскиот суд во Тетово или да определи полномошник. Во спротивно ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги штити неговите интереси.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 436/78. (48)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО КОЧАНИ

Пред Општинскиот суд во Кочани се води спор за развод на брак по тужбата на тужителката Ратка Спирова Ристова од село Теранци, општина — Кочани, против тужениот Атанас Ристов од село Теранци, општина Кочани, а сега во странство со непозната адреса.

Се повикува тужениот Атанас Ристов да се јави пред овој суд, да достави точна адреса или да определи полномошник кој ќе го застапува по предметот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот. Во спротивно ќе му биде поставен привремен старател, по барање на судот од Старателскиот орган при Органот на управата на Општината Кочани, кој ќе се грижи за неговите права до окончувањето на спорот.

Од Општинскиот суд во Кочани, П. бр. 266/77. (45)

---

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 73 од 27. I. 1978 година, на регистарска влошка бр. 1-290-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Основното училиште „Крсте Мисирков" во Скопје, така што се брише досегашниот застапник Велевски Љубомир, директор, без ограничување, а како нов застапник се запишува Китановски Иван, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 73/1978 година. (70)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 78 од 31. I. 1978 година, на регистарска влошка бр. 1-681-0-0-0 ја запиша во суд-

скиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Основното училиште „Маршал Тито", село Јагуновце, Тетовско, така што се брише досегашниот застапник Јован Василевски, а како нов застапник се запишува лицето Ѓорѓевски Павле, со неограничени овластувања.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 78 од 31. I. 1978 година. (73)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 2599/73 од 19. IV. 1974 година, на регистарска влошка бр. 1-812-0-0-0- го запиша во судскиот регистар конституирањето на ОЗТ Ансамбл за народни игри и песни на Македонија „Танец", Ц.О., со седиште во Скопје, со следните податоци:

Води единствено книговодство.

Предмет на работењето е: а) да ја негува, развива и подига народната игра и уметност; б) да го негува, обработува и изработува народниот вокален и инструментален мелос; уметнички и сценски да ги обработува народните и општествени игри; г) да ги собира и обработува оние народни усни уметнички манифестации кои одговараат на сцена и д) да приготвува програми од предните области и да ги претставува на јавни приредби и концерти во земјата и странство.

Работната организација во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, со целосна одговорност.

Застапник на работната организација е лицето Тома Леов, директор без ограничување.

Лица овластени за потпишување се: Петранка Христова Димовска, шеф на сметководството, Василка Иванова, пом. канц. референт, Мицевски Стеван Цветко, шеф на орган. и пропаганда, и Тома Леов, директор, како наредбодавец до 5.000,00 динари, а на периодичната документација за побарувања и долгувања на Танец, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 2599/73 од 19. IV. 1974 година. (72)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 6 од 28. I. 1974 година, на регистарска влошка бр. 1-822-0-0-0 го запиша во судскиот регистар конституирањето на ОЗТ Централно основно училиште „Даме Груев", Ц.О., со седиште во село Градско, со следните податоци:

Училиштето води целосно книговодство-самостојно.

Основач е Собранието на општината Титов Велес, потврда бр. 05-13173/19 од 24. XII. 1965 година.

Предмет на работењето е: просветна дејност.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, со целосна одговорност.

Лице овластено за застапување и потпишување е Развигор Боров Манев, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 6/1974 година. (74)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 33 од 11. II. 1974 година, на регистарска влошка бр. 1-845-0-0-0 го запиша во судскиот регистар конституирањето на ОЗТ Централно основно училиште „Маршал Тито" Ц.О., со седиште во село Жировница, со следните податоци:

Училиштето води книговодство и изготвува завршна сметка.

Предмет на работењето е: општо основно образование и воспитување од I до VIII одделение на учениците обврзници до 15 годишна возраст со задача: да им дава на учениците основно општо образование и воспитување на основа современите барања на самоуправното социјалистичко општество. Образованието и воспитувањето се заснова врз тековите на историјата и културата на народите на Југославија и на целокупното човештво, на идејните основи на марксизмот и социјализмот и принципите на социјалистичкиот хуманизам на научните постапки, а се остварува на принципите на современите педагошки науки и врз нормите утврдени со закон.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, со целосна одговорност.

Лице овластено за застапување е Јусуфи Јусуф, директор, без ограничување.

Лица овластени за потпишување се Јусуфи Јусуф, директор, и Селами Бакија, секретар.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 33/1974 година. (78)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 34 од 12. I. 1974 година, на регистарска влошка бр. 1-846-0-0-0 го запиша во судскиот регистар конституирањето на ОЗТ Детска градинка „Наше дете", Ц.О., со седиште во Богданци, општина Гевгелија, со следните податоци:

Води книговодство и составува завршна сметка.

Предмет на работењето е: воспитување и згрижување на децата.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, со целосна одговорност.

Лице овластено за застапување и потпишување е Пеева Екатерина, управител, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 34/1974 година. (79)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 24 од 11. I. 1974 година, на регистарска влошка бр. 1-836-0-0-0 го запиша во судскиот регистар конституирањето на ОЗТ Основно училиште „Лиман Каба", Ц.О., со седиште во село Селокуќи, Дебарско, со следните податоци:

Училиштето води книговодство и изготвува завршна сметка.

Предмет на работење е: основно воспитна-образовна дејност.

Во правниот промет со трети лица училиштето истапува во свое име и за своја сметка, со целосна одговорност.

Лице овластено за застапување и потпишување е Табаку Емрула Абдула, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 24/1974 година. (80)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 845 од 20. VI. 1977 година, на регистарска влошка бр. 1-824-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на ОЗТ Земјоделска станица, Ц.О., со седиште во Скопје, населба Бутел II, барака 24, така што се брише досегашниот застапник Петров Марко, в. д. директор, а се запишува како нов застапник Јован Михајловски, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 845/1977 година. (81)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 617 од 27. IV. 1977 година, на регистарска влошка бр. 1-824-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на ОЗТ Земјоделска станица, Ц.О., со седиште во Скопје, населба Бутел II, барака 24, така што се брише досегашниот застапник Михајловски Јован, в. д. директор, а се запишува како нов застапник Петров Марко, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 617/1977 година. (82)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 1085 од 30. IX. 1975 година, на регистарска влошка бр. 1-824-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на ОЗТ Земјоделска станица Ц.О., со седиште во Скопје, населба Бутел II, барака 24,

така што се брише досегашниот застапник Дизапишува како нов застапник Михајловски Јован, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1085/1975 година. (83)

митров Милош, директор, без ограничување, а се

## РЕГИСТАР НА ЗАНАЕТЧИСКИТЕ ДУЌАНИ НА САМОСТОЈНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ

Врз основа на решението У. бр. 08-56 од 29. III. 1977 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојни занаетчии, под ред. бр. 3, книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Сода-вода, Здравковска П. Зора од Берово. Предмет на работењето на дуќанот е вршење на занаетчиска дејност од прехранбениот занает.

Фирмата ќе ја потпишува Здравковска П. Зора. (5)

Врз основа на решението У. бр. 08-1125/1 од 31. III. 1976 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии на страна 75, рег. бр. 374, занаетчискиот дуќан под фирма: „Лимунадџилница" на Здравковска Пантева Зора од Берово. Предмет на работењето на дуќанот е продажба на сода-вода.

Фирмата ќе ја потпишува Здравковска Пантева Зора. (10)

Врз основа на решението У. бр. 08-151/1 од 27. VII. 1977 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 4, рег. бр. 4, книга II занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидарофасадер Кракутовски Јован Димитар од Берово. Предмет на работењето на дуќанот е вршење на ѕидарофасадерски работи.

Фирмата ќе ја потпишува Кракутовски Јован Димитар. (14)

Врз основа на решението У. бр. 08-209 од 4. XII. 1977 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 5, рег. бр. 5, занаетчискиот дуќан под фирма: Автомеханичарски занаетчиски дуќан „Напредок" на Бубевски Љубомиров Здравко од Берово. Предмет на работењето на дуќанот е поправка и одржување на моторни возила.

Фирмата ќе ја потпишува Бубевски Љубомиров Здравко. (17)

Врз основа на решението У. бр. 08-692/1 од 11. III. 1977 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 185, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидарофасадар Спасовски Борис Кирил од Пехчево. (6)

Врз основа на решението У. бр. 08-1005 од 21. III. 1977 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 142, страна 44/2 книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Столар Бојаџиски Јованов Герасим од село Владимирово, Берово. (7)

Врз основа на решението У. бр. 08-865/1 од 25. III. 1977 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 243, страна 41/1, занаетчискиот дуќан под фирма: Ковач Поповски Лефтеров Јордан од село Робово, Берово. (8)

Врз основа на решението У. бр. 08-127 од 10. VI. 1977 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 312, страна 13, занаетчискиот дуќан под фирма: Занаетчиски дуќан за сода вода „Лимун" на Печински Атанас Димитар од Берово. (9)

Врз основа на решението У. бр. 08-182 од 24. X. 1977 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 13, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Чевлар — крпач Буовски Димитар Киро од Берово. (11)

Врз основа на решението У. бр. 08-1567 од 30. V. 1977 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии од рег. бр. 294, занаетчискиот дуќан под фирма: Занаетчиски дуќан од радио-ТВ занает на Стојанов Симеонов Киро. (12)

Врз основа на решението У. бр. 08-198/1 од 7. XI. 1977 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 360, страна 61, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидаро — фасадер Петрагански Ефтимов Душан од Берово. (13)

Врз основа на решението У. бр. 08-2398/1 од 5. IX. 1977 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 96, страна 49/II, занаетчискиот дуќан под фирма: Ковач Опенцарски Јованов Борис од село Смојмирово, Берово. (15)

Врз основа на решението У. бр. 08-168/1 од 27. IX. 1977 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 1688, страна 47/2, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидаро-фасадер Калпаки Стојков Ефтим од село Русиново, Берово. (16)

Врз основа на решението У. бр. 08-212 од 28. XI. 1977 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии од рег. бр. 333, страна 34, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидаро-фасадер Костевски Пантев Никола од село Русиново, Берово. (18)

Врз основа на решението У. бр. 08-211 од 23. XI. 1977 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 334, страна 35, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидаро-фасадер Белчовски Лефтер Методи од село Русиново, Берово. (19)

Врз основа на решението У. бр. 08-202/1 од 9. XI. 1977 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 26, страна 46, занаетчискиот дуќан под фирма: Бербер Дракалски Методиев Љубомир од Берово. (20)

Врз основа на решението У. бр. 08-225 од 7. XII. 1977 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, на страна 6, рег. бр. 6, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидаро-фасадер Козовски А. Методи, со седиште во село Будинарци, Берово. Предмет на работењето на дуќанот е вршење занаетчиски услуги од ѕидаро-фасадерскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Козовски А. Методи. (1)

# МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Индекс бр. 838, издаден од Филозофскиот факултет во Скопје на име Реџеп Балажи, Скопје. (2)

Воена книшка, издадена во Тетово на име Драган Пршевски, — Скопје. (3)

Воена книшка, издадена во Скопје на име Раде Дијанисиев, — Скопје. (4)

Свидетелство за положен завршен испит, издадено од Гимназијата „Цветан Димов" во Скопје на име Грозданка Милошевска, Скопје. (5)

Воена книшка, издадена во Скопје на име Исамедин Незири, Скопје. (6)

Свидетелство за положен завршен испит, издадено од Економското училиште „Моша Пијаде" во Скопје на име Тања Никовска, Скопје. (7)

Инвалидска карта за патување издадена од Општината Карпош, Сојуз на инвалиди на име Бафти Мејдиов, с. Г. Седларце — Скопје. (8)

Инвалидска карта за патување во градски сообраќај, издадена од Сојузот на инвалиди — Општина Карпош на име Бафти Мејдиов, с. Г. Седларце, Скопје. (9)

Здравствена легитимација, издадена во Приштина на име Дејан Јадровски, Скопје. (10)

Воена книшка, издадена во Скопје на име Ибуш Муртезан, Скопје. (11)

Воена книшка издадена во Скопје на име Ваџит Ештреф Сали, с. Арачиново, Скопје. (12)

Здравствена легитимација, издадена во Скопје на име Цариќ Љупчо, Скопје. (13)

Уверение за стручна оспособеност за самостојно обавување на угостителска дејност за занимањето готвач, издадено во Угостителското училиште со практична обука во Скопје на име Љубомир Ципунов, Титов Велес. (14)

Ученичка книшка за II клас, издадена од Гимназијата „Георги Димитров" во Скопје на име Миле Симоновски, Скопје. (15)

Свидетелство за IV клас и свидетелство за положен завршен испит, издадени од Гимназијата „Гоце Делчев" во Куманово на име Николчо Стојмир Костадиновски, Куманово. (16)

Работна книшка, издадена од Скопје на име Шуќури Баланца, Скопје (17)

Свидетелство за завршено VIII одделение, издадено од „Климент Охридски" — Скопје на име Војчо Младеновски, Скопје (18)

Здравствена легитимација, издадена од Заводот за социјално осигурување — Скопје на име Илија Демишковски, с. Матка, Скопје. (19)

Воена книшка, издадена во Скопје на име Пецо Силјановски, Скопје. (20)

Ученичка книшка за IV одделение, издадена од Основното училиште „Кирил Пејчиновиќ" во Скопје на име Јане Арсовски, Скопје. (21)

Воена книшка, издадена во Скопје на име Насер Бериша, Скопје. (22)

Свидетелство за III, IV и свидетелство за положен завршен испит, издадени од Гимназијата „Гоце Делчев" од Куманово на име Фатмир Идризи, с. Слупчане, Куманово. (23)

Ученичка книшка за IV одделение, издадена од Основното училиште с. Текија на име Горица Јакимовска, с. Дељадровци, Скопје. (24)

Индекс бр. 22965, издаден од Педагошката академија во Скопје, на име Нада Димевска, Скопје. (25)

Сервисна, книшка број на мотор 412966 и бр. на шасија 624055 за патничко возило „застава 125-П", издадена од Заводи „Црвена застава" — Крагујевац, на име Кирил Георгиевски, с. Сопиште, Скопје. (26)

Ученичка книшка, издадена од Училиштето „Јохан Песталоци" — Скопје на име Гордана Здравковска, Скопје. (27)

Свидетелство од I клас гимназија, издадено од Гимназијата „Гоце Делчев" — Куманово на име Милован Трајковиќ, Куманово. (28)

Ученичка книшка од III одделение, издадена од Основното училиште „Моша Пијаде" на име Тони Јовановски, Ѓ. Петров. (29)

Воена книшка, издадена во Скопје на име Муса Рамадани, Скопје. (30)

Ученичка книшка за II година издадена од Хемискиот училишен центар на име Снежана Тодоровска, Скопје. (31)

Свидетелство за I клас, издадено од Гимназијата „Моша Пијаде" — текстилна насока во Крива Паланка на име Доче Станковски, с. Подржикоњ, Крива Паланка. (32)

Чековна карта бр. 2110-01-0339708, издадена од Привредната банка во Сарајево на име Арзиане Асан, Скопје. (33)

Свидетелство за I клас, издадено од Гимназијата „Гоце Делчев" во Куманово на име Часлав Стојановиќ, с. Речица, Куманово. (34)

Воена книшка, издадена во Задар на име Ванче Тренчев, Скопје. (35)

Воена книшка, издадена во Скопје на име Бахтијар Личина, Скопје. (36)

Воена книшка на име Хајрадин Ајрадиноски, с. Подгорци, Струга. (37)

## СОДРЖИНА

Страна


276. Завршна сметка за извршувањето на Републичкиот буџет за 1977 година — — 609

277. Дополнителен извештај на Републичката изборна комисија за резултатот од извршената проверка за избор на делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ — — — — — — — 634

278. Дополнителен извештај на Републичката изборна комисија за резултатите од изборот на делегатите во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ од Делегатската единица Валандово — — 634

279. Дополнителен извештај на Републичката изборна комисија за резултатите од изборот на делегатите во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ од Делегатската единица Прилеп — — — 635

280. Дополнителен извештај на Републичката изборна комисија за резултатот од изборот на делегатите во Соборот на општините на Собранието на СРМ од Делегатската единица Делчево — — — — — 636


**Издавач. Работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски: Жиро сметка број 40100-603-12498 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**